WESTERN BALKANS ALLIANCE FOR WORK-BASED LEARNING

ERI SEE Education Reform Initiative of South Eastern Europe

Austrian Development Cooperation

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА СТАНДАРДИ НА КВАЛИФИКАЦИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО



# Методологија за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво

**Издавач**

Иницијатива за реформи во образованието на Југоисточна Европа
Дечанска 8, 11000 Белград, Србија
www.erisee.org office@erisee.org

**Автори**

Ана Тецилазиќ
Марина Матешиќ

**За издавачот**

Тина Шариќ

**Рецензент**

Тина Шариќ, Секретаријат на Иницијативата за реформи во образованието на Југоисточна Европа (ERI SEE)

**Објавено**

Белград, јуни 2021 година

**Превод**

Маја Христовска

maja.chichova@gmail.com

**Дизајн**

Студио Трид
http://www.studiotrid.net

# Содржина

**Вовед** ..... 6

**Методологија за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво** ..... 8

**Чекор 1.** Почеток на развојот на стандарди на квалификации на регионално ниво ..... 10

**Чекор 2.** Утврдување на регионални работни групи ..... 13

**Чекор 3.** Договор за главните дескриптори на стандардот на квалификации ..... 15

**Чекор 4.** Развој на клучни елементи на стандардите на квалификации на регионално ниво ..... 17

**Последователен чекор:** Транспонирање на стандардот на квалификации на регионално ниво во национален стандард на квалификации ..... 18

**Стандард на квалификации на регионално ниво** ..... 22

# Вовед

Оваа Методологија за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво (во понатамошниот текст Методологијата) е задолжение во рамките на проектот ***Кон стандарди на занимања на регионално ниво*** **-** TO REGOS[1]. Проектот TO REGOS го имплементира Секретаријатот на Иницијативата за реформи во образованието на Југоисточна Европа[2] и Алијансата на Западен Балкан за учење преку работа[3] во Албанија (АЛБ), Босна и Херцеговина (БиХ), Косово (ХК)*[4], Црна Гора (ЦГ), Република Северна Македонија (МК) и Србија (РС).

Оваа Методологија е во согласност со наодите од Физибилити студијата за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво и добиената анализа на институционалните и законодавни рамки во шесте економии, препораки и сеопфатната методолошка рамка за развивање на стандарди на квалификации на регионално ниво.

Со Физибилити студијата се покажа дека има многу сличности во процесот на развивање на националните стандарди на квалификации и дека има заедничка основа за вклучување во експериментирањето со оваа политика.

Иако ниедна од економиите во своите односни методологии нема предвидено можност за развивање на национален стандард на квалификации врз основа на стандард на квалификација на регионално ниво кој произлегува од стандард на занимање на регионално ниво, сепак со оваа методолгија се претполага заеднички договор помеѓу засегнатите страни во регионот за ангажираност во експериментирањето со ваква политика.

Оттаму, важно е агенциите одговорни за СОО и/или квалификации во економиите, поддржани од страна на нивните линиски министерства, да се отворени за експериментирање со политики при развивањето на стандарди на квалификации на регионално ниво и соодветни национални стандарди на квалификации.

На самиот почеток важно е да се појасни дека развивањето на стандардите на квалификации на регионално ниво нема за цел да ги замени постоечките методологии и практики за развивање на национални стандарди на квалификации, туку да понуди можна насока за сите економии во однос на планирање на одредени национални стандарди на квалификации со користење на заедничка основа која е пропишана со стандардите на квалификации на национално ниво.

Предложената методологија се надоврзува на веќе воспоставените капацитети во шесте економии во однос на развивање на релевантни политики и практики во областа на развој и имплементација на рамки на квалификации и соодветствува на односните околности во секоја поединечна економија, нивните надлежности и институционални одговорности кои се однесуваат на рамките на квалификации.

---

1 TO REGOS Проектот е финансиран од страна на Австриската агенција за развој со средства обезбедени од Австриската соработка за развој. Повеќе податоци за проектот се достапни на Платформата WBA4WBL. https://wba4wbl.com/about-to-regos-project/

2 ERISEE. https://www.erisee.org/.

3 WBA4WBL. https://wba4wbl.com

4 *Оваа ознака не наштетува на позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на ООН 1244/1999 и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за прогласувањето на независност на Косово.

**Правната рамка се состои од следново:** Законот за албанската рамка на квалификации (АЛБ), Појдовната основа за рамката на квалификации во Босна и Херцеговина (БиХ), Законот за национални квалификации (ХК)*, Актот за националната рамка на квалификации (ЦГ), Законот за националната рамка на квалификации (МК), Законот за националната рамка на квалификации на Република Србија (РС).

**Институционалната рамка ги опфаќа:** Министерство за образование, спорт и млади, Министерството за финансии и економија, Национална агенција за СОО и квалификации, Секторски одбори (АЛБ); Министерство за граѓански работи, 12 образовни управи, Агенција за пред-основно, основно и средно образование (БиХ); Управа за национални квалификации, Министерство за образование, наука и технологија, Агенција за стручно образование и обука и возрасни, Управа за национални квалификации (ХК)*; Министерство за образование, Центар за СОО, Совет за квалификации, Секторски комисии (ЦГ); Министерство за образование и наука, Центар за СОО, Одбор за македонската рамка на квалификации, Секторски комисии (МК); Министерство за образование, наука и технолошки развој, Министерство за труд, вработување, боречки и социјални прашања, Агенција за квалификации, Совет за националната рамка на квалификации на Србија, Совети за секторски вештини (РС).

**Во методолошката рамка е земено предвид следново:** Процесот на развој на стандарди на квалификации, Методолошки водич за изработка на дескриптори за професионални квалификации во Албанија (АЛБ); Стандарди на квалификации во СОО (резиме на методологијата) (БиХ); Развој на модуларни квалификации, (ХК*); Методологија за развој на стандарди на квалификации, Методологија за вклучување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации (МК), Прирачник за процедурите за развој на квалификации од првото до последното ниво на квалификации (ЦГ); Прирачник за методологијата за развој на стандарди на квалификации (РС).

Оваа Методологија се состои од два дела. Во првиот дел е прикажана процедура за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво со опис на секој поединечен чекор од процесот.

Во вториот пак дел се дадени методолошки насоки за лицата кои работат на развојот на квалификациите во однос на изнесување на содржината за договорениот образец за стандарди на квалификации на регионално ниво.

Како крајна забелешка, вреди да се напомене дека оваа Методологија може да подлежи на одредени промени во однос на прикажување на потенцијалните пречки, решенија и заклучоци кои произлегуваат од актуелниот процес на развивање на стандарди на квалификации на регионално ниво во практика.

# Методологија за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво

Во согласност со заклучоците од компаративната анализа за развој на стандарди на квалификации во шесте економии и идентификација на заедничките практики ширум регионот, изнесени во Физибилити студијата, се изработи сеопфатна методолошка рамка со цел обединување на сите процеси кои се одвиваат како на регионално ниво, така и на ниво на економиите.

**ПОТСЕТНИК- ДА ЗАПОМНИМЕ ...**

***Методолошката рамка*** *опфаќа делувања на регионално ниво и на ниво на економиите.*

***Методологијата*** *за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво дава опис на само еден мал сегмент од сеопфатната методолошка рамка.*

Сеопфатната методолошка рамка за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво како појдовна точка ја има анализата на пазарот на трудот која произлегува од стандардот на занимања на регионално ниво.

По договарањето на стандардот на занимања на регионално ниво помеѓу партнерите, следуваат неколку чекори. Се отпочнува со две паралелни процедури: една за усвојување на националниот стандард на квалификации со измена на стандардот на занимања на регионално ниво согласно националните специфики, доколку тоа е неопходно, а втората процедура за развој на стандард на квалификации на регионално ниво со опис на квалификацијата и примена на договорената група на дескриптори на квалификацијата и постигнување на договорениот стандард на квалификации на регионално ниво. Последниот чекор се однесува на превод/трансформација на стандардот на квалификации на регионално ниво во национален стандард на квалификации.

Од несомнена важност е заложбата од страна на сите економии во насока на развивање на стандард на квалификации на регионално ниво со цел да се користи како појдовна основа за развој на свој сопствен национален стандард на квалификации. Оттаму, препораката е да се работи на развој на стандарди на квалификации на регионално ниво за оние кои сè уште не се стандардизирани на ниво на економиите или за оние за кои е нужна модернизација во сите економии. Сепак, доколку ова не е можно – во случаи кога некои економии веќе имаат усвоено односен национален стандард на квалификации, тоа не треба да претставува пречка. Во ваков случај, овие економии се образуваат да спроведат ревизија на нивниот национален стандард на квалификации по постигнатиот договор за стандардот на квалификации на регионално ниво и до оној степен на докажување дека овој стандард би бил неопходен и соодветен за да се внесе регионална перспектива во веќе постоечки национален стандард на квалификации.

Стандардите на квалификации на регионално ниво не ги заменуваат националните стандарди на квалификации – тие се клучните елементи на националните стандарди на квалификации, па оттаму и претставуваат заедничка основа за последователен развој на национални стандарди на квалификации.

Во таа насока, стандардите на квалификации на регионално ниво се транспонираат во национални стандарди на квалификации со неопходни прилагодувања и пополнување на информациите кои недостасуваат, во зависност од конкретниот контекст на образовниот систем. Измените од стандард на квалификации на регионално ниво во национален

стандард на квалификации ги опфаќаат сите специфични особености на националните стандарди на квалификации.

Процесот се финализира со усвојување на националните стандарди на квалификации кои произлегле од стандардите на квалификации на регионално ниво. Оттаму, процедурите кои се специфични за дадена економија се применуваат при усвојувањето на националните стандарди на квалификации. Севкупниот процес е претставен во поедноставениот приказ на Дијаграмот „Методолошка рамка за развој на стандарди на квалификациии на регионално ниво".

**Дијаграм 1: Методолошка рамка за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво**




Со оваа Методологија се дава опис на процедурата од четири чекори, како и последователниот чекор во развојот на стандарди на квалификации на регионално ниво.

# Чекор 1: Почеток на развојот на стандарди на квалификации на регионално ниво

Стандардите на квалификации на регионално ниво се развиваат врз основа на стандарди на занимања на регионално ниво. Ова значи дека одлуката за тоа која квалификација да се развива со цел да се изработат стандарди на квалификации на регионално ниво е делумно донесена при самиот развој на стандарди на занимања на регионално ниво.

Во таа смисла, вреди да се напомене дека првиот чекор при развивањето на стандарди на квалификации на регионално ниво е е да се идентификуваат занимањата и квалификациите кои би можеле да се развијат на регионално ниво. Ваквиот избор би требало да укаже на регионалната важност на избраните сектори, занимања и квалификации и би требало да се темели на регионални дискусии и консултации помеѓу релевантните страни.

Со цел да се изнајде квалификација која би била подобна за развивање на стандард на квалификации на регионално ниво, се предлагаат неколку индикатори:

- **Сеопфатна и поширока важност на пазарот на трудот:** се следат пошироките економски развои, надлежности кои се неопходни во одредени сектори и занимања, како и брзите промени и неопходноста за прилагодување кон промените во сите економии (на пример, ИТ секторот);
- **Потенцијал за мобилност**: податоци за прекугранично мигрирање и мобилност во одредени заимања што би можело да се искористи за проценка на потенцијалот на мобилност;
- **Недостатоци на пазарот на труд**: податоците за недостатоци на пазарот на труд (дефицити) на ниво на економиите би можеле да се искористат доколку развојот на даден стандард на квалификации на регионално ниво би можел да поттикне промени во актуелните програми и квалификации и да ја подобри нивната привлечност.

Во некои економии, методологијата за развој на национални стандарди на квалификации започнува со добивање на претходно одобрение за иницијативата/барањето за развој на стандард на квалификации од страна на односната управа, најчесто ресорното министерство за образование или секторските совети.

Оттаму, препораката за економиите каде ова е неопходно, е да ја поднесат иницијативата/барањето за развој на стандард на квалификации на регионално ниво, кој се темели на стандард на занимања, до односната национална управа.

**ПОТСЕТНИК- ДА ЗАПОМНИМЕ ...**

*Само во некои од економиите процесот за развивање на национални стандарди на квалификации започнува со добивање на претходно одобрение од страна на ресорната управа. Само за овие економии се препорачува да се побара одобрение пред развивањето на стандард на квалификации на регионално ниво.*

Иницијативата/барањето за развој на квалификација треба да содржи оправданост за развојот на нова квалификација со примена на методологијата за развој на стандард на квалификации на регионално ниво. Покрај ова, иницијативата/барањето треба да биде поткрепено со аргументација за ваквата потреба на пазарот на трудот и да ги содржи сите останати елементи кои се пропишани со националните методологии (на пример, „насловот на квалификацијата, нивото, повикување на код кој се однесува на занимање кое е класифицирано согласно ISCO класификацијата,

генерички опис на квалификацијата и временската рамка за тоа кога ќе се одвива развојот на квалификацијата, итн.)

Откако ќе се добие одобрение во сите **економии каде ваквото одобрение за иницијативата е неопходно** и откако ќе се донесе одлуката за тоа кој стандард на квалификација би вредело да се развива регионално, започнува и самиот процес.

## Поврзување на барањата на пазарот на трудот

Целта на сите економии е да ги изработат нивните квалификации за СОО врз основа на проценка на потребите и барањата на пазарот на трудот. Во таа насока, во сите економии, развојот на стандарди на квалификации е составен дел од анализата на пазарот на трудот. Разликата е во тоа дали тие ги имаат утврдено нивните стандарди на занимања како задолжителен чекот во нивните процедури за развој на стандарди на квалификации за СОО или не[5]. Во поголемиот број случаи, националните стандарди на занимања меѓу другото содржат и информации за компетенциите кои се потребни за дадено занимање.

Од друга страна, стандардите на занимања на регионално ниво, како што се предвидени со Методологијата развиена во рамките на Проектот TO REGOS (Кон стандарди на занимања на регионално ниво), содржат групи на задачи/функции, клучни задачи и активности, но не и компетенции кои се нужни за извршувањето на задачите и активностите. Компетенциите, онаму каде тоа е национално наложено, се дефинирани во процесот за прилагодување на стандардите на занимања на регионално ниво на националните специфичности, а врз основа на клучните задачи и активности. Оттаму, односните национални стандарди на занимања, онаму каде постојат, би можеле да се значаен извор на компетенции идентификувани заради извршување на слични задачи и активности и преточени во стандард на занимања на регионално ниво.

Во таа насока, како прв чекор, треба да се приберат сите постоечки документи: стандард на занимања на регионално ниво, односно национални стандарди на занимања доколку како такви постојат, како и останати можни извори на информации кои се однесуваат на побарувачката на пазарот на трудот.

Врз основа на прибраните податоци, ERI SEE пристапува кон подготовка на стандард на квалификации на регионално ниво со помошта на експерти до степен на изводливост за ERI SEE да ја трасира основата за дискусии кои би се одвивале на регионално ниво.

Првенствено, ERI SEE може да издвои информации за клучни задачи, активности и компетенции кои се неопходни заради извршување на активностите од релевантните стандарди на занимања на регионално ниво, а со цел да се олесни натамошното работење врз односниот стандард на квалификација на регионално ниво.

Во основа, клучните задачи ја претставуваат основата за развој на Единици од исходите од учењето (ЕИУ) од стандардите на квалификации на регионално ниво додека исходите од учењето (ИУ) од стандардите на квалификации на регионално ниво произлегуваат од компетенциите (знаење, вештини и ставови) кои се содржани во Аналитичката основа.

5 Економиите кои ги имаат поставени нивните стандарди на занимања како задолжителен чекор при развојот на стандард за квалификации за СОО се: Албанија, Црна Гора, Република Северна Македонија и Србија.

Како и да е, развојот на ЕИУ од клучните задачи и ИУ од активност/компетенции не се ниту очигледна ниту едноставна вежба. Оттаму, ова подразбира дискусија на регионално ниво помеѓу експерите, поаѓајќи од Аналитичката основа подготвена од страна на ERI SEE. Аналитичката основа треба да е структурирана согласно структурата на стандардот на занимање на регионално ниво, како што е прикажано во табелата подолу. Ова всушност ги претставува основите за развивање на ИУ кои би соодветствувале на компетенциите наведени во Аналитичката основа. Откако ќе се изработат ИУ, тие треба да се групираат во Единици од исходи од учењето. При транспонирањето во исходи од учењето, може да се јави потребата компетенциите кои се неопходни за една активност во стандардите на занимања на регионално ниво да се регрупираат на разумен начин со цел ЕИУ да претставуваат група на ИУ кои припаѓаат на истиот профил и кои би можеле заеднички да се оценат.

## 1.1 Аналитичка основа за развојот на стандарди на квалификации на регионално ниво

**СТАНДАРД НА ЗАНИМАЊЕ НА РЕГИОНАЛНО НИВО:** *Назив на СЗРН*

**НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА (*ЕКОНОМИИ*):** *Називите на НСЗ, доколку постојат, на англиски јазик и на изворниот јазик, како и економиите на кои тие им припаѓаат.*

| ГРУПА НА ЗАДАЧИ/ ФУНКЦИИ, КЛУЧНИ ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ | КОМПЕТЕНЦИИ НЕОПХОДНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КЛУЧНИТЕ ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ | ИСХОДИ ОД УЧЕЊЕТО | ЕДИНИЦИ ОД ИСХОДИТЕ ОД УЧЕЊЕТО |
|---|---|---|---|
| Запишете ја првата Група на задачи од СЗРН<br><br>1. Група на задачи | | | |
| Овде наведете ја првата клучна задача која припаѓа на првата група на задачи<br><br>1.1 Клучна задача... | | | 1.1. ЕИУ .... |
| Овде наведете ги активностите кои припаѓаат на првата клучна задача.<br><br>1.1.1. Активност....<br>1.1.2. Активност ...<br>1.1.3. ... | Овде наведете ги компетенциите (знаење, вештини и ставови) кои се неопходни за изведување на активностите.<br><br>1.1.1. Вештина ...<br>1.1.2. Знаење<br>1.1.3. Став ... | Овде наведете ги исходите од учењето кои произлегуваат од компетенциите.<br><br>1.1.1. ИУ ...<br>1.1.2. ИУ ...<br>1.1.3. ИУ | Овде групирајте ги ИУ во единици.<br><br>Имајте предвид дека дадена Единица од исходите од учењето може да содржи ИУ кои произлегуваат од различни активности.<br><br>Пр.:<br><br>1.1.1. ИУ...<br><br>2.1.4 ИУ... |

# Чекор 2. Воспоставување на регионалните работни групи

Вториот чекор е да се воспостават регионалните работни групи за секој поединечен стандард на квалификација на регионално ниво. Регионалната работна група е група воспоставена од страна на ERI SEE и која се состои од членови кои се назначени од страна на властите во шесте економии заради развивање на стандард на квалификации на регионално ниво.

Групата не треба да е преголема за да остане оперативна. Бројката на членови во работната група не треба да надминува четиринаесет, по двајца од секоја економија, модератор/експерт, како и претставник од ERI SEE во својство на координатор. Предложениот состав опфаќа:

- Претставници од агенциите или експери за стандарди на занимања/квалификации;
- Експерти со конкретно знаење и вештини за секторот.

Препораката е групата да се состои од претставници на агенциите кои се задолжени за квалификации за СОО во сите шест економии и експерти кои имаат конкретно знаење и вештини за секторот и кои се обучени наставници, запознаени со концептите за исходи од учењето и со рамките на квалификации.

Во сите економии, агенциите кои се надлежни за квалификации за СОО или поведуваат иницијатива за развој на стандард на квалификации или го одобруваат. Оттаму, овие агенции се најважните чинители во процесот на развивање на стандарди на квалификации на регионално ниво.

Секторскиот профил на секторските експерти треба да сообразува што е можно повеќе со профилот на стандардот на квалификации на регионално ниво на чиј развој се работи.

Експерти кои се генерално запознаени со методологиите за развој на стандарди на квалификации треба да го олеснуваат работењето на работните групи.

Со оглед на фактот што во дадени економии, конкретниот состав на работните групи кои работат на развој на национални стандарди на квалификации е опишан во односните методологии, овде може да се projави прашањето дали овој состав треба да се применува при развивањето на стандарди на квалификации на регионално ниво. На пример, во некои методологии за развивање на стандарди на квалификации, значаен е фактот што членовите на групата имаат работно искуство во односната област на занимање и дека тие се претставници на бизнис секторот и претставници од стручното образование и наука. Примената на вакви услови и побарувања за состав на работните групи за развој на стандарди на квалификации на регионално ниво не се препорачува имајќи предвид дека ваквата група би можела да е преголема, а со тоа и неоперативна, би изискувала значитечни човечки ресурси и веројатно би била неизедначена во однос на бројката на лица кои доаѓаат од различните економии.

Сепак, со цел да се постигне усогласеност со можните национални услови, се препорачува ваквата група да се воспостави на национално ниво и да се

**ПОТСЕТНИК- ДА ЗАПОМНИМЕ ...**

***Специфичниот состав на работните групи кој е неопходен за развивање на национални стандарди на квалификации не мора задолжително да се применува и во однос на регионалната работна група бидејќи работните групи секако ќе дискутираат за транспонирањето на стандардите на квалификации на регионално ниво во национални.***

користи како консултативно тело во процесот на развивање на стандарди на квалификации на регионално ниво.

Еден или двајца членови од оваа група може да се именуваат како експерти во регионалната работна група и да делуваат како лица за комуникација помеѓу националната работна група и регионалната работна група. Улогата на националната работна група е да даде приоденес кон регионалната работна група, да даде коментари по нацрт-верзиите на стандардите на квалификации на регионално ниво, а откако ќе се договорат стандардите на квалификации на регионално ниво да се користат како појдовна точка за развој на односен национален стандард на квалификации.

Она што е важно е членовите на работната група да работат заеднички кон истата цел, односно постигнување на консензус по однос на стандардот на квалификации на регионално ниво.

Единствено доколку се постигне консензус и има согласност од сите членови, може да очекуваме остварување на заложбите за транспонирање на стандардот на квалификации на регионално ниво во подоцнежен национален стандард на квалификации. Од оваа причина треба да се избегнуваат какви било договарања за гласање, а наместо ова да се постигне јасна согласност за принципот на консензус при донесувањето одлуки.

Иако англискиот јазик се претпочита како работен јазик за групата, ERI SEE е задолжена за обезбедување на превод и толкување доколку ова е неопходно согласно потребите на групата.

За работењето на регионалната работна група неопходна е силна оперативна поддршка. Оттаму, ERI SEE ја презема одговорноста за координација, подготовка на работните материјали и обезбедување на оперативна поддршка за работните групи.

Во повеќето економии, постојат најразлични органи кои вообичаено се дел од агенциите одговорни за СОО и/или сите квалификации и кои во суштина се задолжени за евалуација на националните стандарди на квалификации. Најчесто членовите на овие органи се експерти во нивниот сектор, но не се примарно ниту редовно ангажирани во активности за развој на квалификации, па оттаму не секогаш имаат искуство и не секогаш се директно запознаени во однос на најновите иницијативи како онаа за рамка на квалификации на регионално ниво. Во таа смисла она што се препорачува е навремено запознавање на овие органи со процесот и обезбедување на нивна целосна поддршка во поглед на експериментирањето со политиката, а во врска со стандардите на квалификации на регионално ниво.

## ПОТСЕТНИК- ДА ЗАПОМНИМЕ ...

***Треба да се избегнува каков и да е судир на интереси. Експертите кои учествуваат во развојот на стандарди на квалификации не треба да учествуваат во нивната проценка и оценка.***

Како и да е, вреди да се напомене дека членовите на ваквите органи не треба директно да се вклучени во развојот на стандарди на квалификации на регионално ниво (ниту пак во развојот на национални стандарди на квалификации) бидејќи начелото на независно и објективно оценување треба да се почитува откако стандардот на квалификација на регионално ниво ќе се транспонира во национален стандард и ќе се предложи за усвојување/ вклучување во националната рамка на квалификации.

# Чекор 3. Договор за главните дескриптори за стандардот на квалификации

Главните дескриптори за секоја една квалификација се: профилот/видот, нивото, обемот/работното оптоварување и квалитетот. Пред да се отпочне со развој на стандард на квалификација, регионалната работна група треба да се договори за четирите главни генерични дескриптори на квалификации кои би требало да се во сообразност со односниот стандард на занимање т.е. профил/вид, ниво, обем/работно оптоварување, квалитет).

## ПОТСЕТНИК- ДА ЗАПОМНИМЕ ...

*Квалификациите се опишани во однос на:*

*профил/вид – сектор*

*ниво – НРК и ЕРК*

*обем/работно оптоварување – кредити или часови*

*квалитет – услови за акредитација*

**Профилот** и видот на квалификацијата укажуваат на нејзината припадност на даден сектор. Она што е важно е работната група да одговара на секторската класификација за оваа квалификација.

Агенциите кои се одговорни за СОО и/или квалификации во економиите треба да се произнесат и да постигнат договор за класификацијата на квалификации согласно секторите за СОО пред да отпочнат со развивање на стандард на квалификација. Се препорачува користење на класификацијата на EUROSTAT ISCED-F (FOET – Области на образование и обука). Од несомнена важност е да се постигне согласност во однос на секторската класификација за квалификацијата со оглед на фактот што изборот на секторот во подоцнежен стадиум ќе го предводи развојот на исходите од учењето кои се специфични за секторот.

Класификацијата на квалификациите согласно секторите за СОО може да претставува предизвик поради фактот што не сите економии ја применуваат истата методологија за класификација на квалификациите во однос на областите на образование и обука. Ова може да претставува дополнителен предизвик за оние економии каде има воспоставена сложена институционална структура која треба да го поддржи развојот и усвојувањето на стандардите на квалификации, односно структура која ги опфаќа секторските органи како секторските комисии или советите за секторски вештини кои се одговорни за проценката на предложените стандарди на квалификации.

Поконкретно, доколку на предлозите за стандарди на квалификации на регионално ниво се гледа како да припаѓаат на различни сектори во економиите вклучени во процесот, може да има тенденција за поголем акцент на единиците од исходите од учењето кои припаѓаат на различни сектори, а кои како последица може да претставуваат закана за целта на постигнување на договор на регионално ниво.

Се предлага постигнување на согласност во однос на класификацијата на квалификација во сектор пред да се започне со развој на стандарди на квалификации, а доколку е можно уште во стадиумот на развивање на стандардот на занимање на регионално ниво со оглед на фактот што секторската класификација може да е значајна за одредени економии во процесот на поднесување на иницијативата и добивањето на претходното одобрение за развој на стандард на квалификација, веројатно од секторски орган на национално ниво. Следствено на ова, важно е да постои свест во однос на припадноста на одредена

квалификација на даден сектор, а од ова произлегува и одлуката за секторскиот совет од кој треба да се добие претходно одобрение.

**Нивото** на квалификацијата зависи од нивото на дескрипторите за исходите од учењето. Работната група треба да се договори за нивото на ЕРК од стандардот на квалификации на регионално ниво кој е опишан со дескрипторите од нивоата на ЕРК за исходи од учењето[6].

Повикувањето на стандардот на квалификации на регионално ниво е единствено кон ЕРК, а не кон нивоата на националните квалификации. Со оглед на фактот што речиси сите економии ги имаат поднесено нивните извештаи за поврзување на нивната рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации, тие веќе имаат воспоставено поврзување помеѓу нивоата на национални квалификации и нивоата од ЕРК.

Нивото на квалификацијата во националната рамка на квалификации треба да се назначи во подоцнежна фаза, односно при процесот на усвојување на националниот стандард на квалификации бидејќи тој би бил единствено верификуван доколку предлогот за стандардот на квалификации е позитивно оценет, усвоен и вклучен во Националната рамка на квалификации.

**Обемот** на квалификацијата, опишан во однос на ЕЦВЕТ треба да се договори пред да се отпочне со развој на односниот стандард на квалификации. Се препорачува изработка на стандард на квалификација единствено за стручниот дел од квалификацијата со изоставување на компонентите на општото образование од квалификацијата која се дефинира на ниво на програма. Во секој случај треба да се постигне договор во однос на уделот на компонентите од општото образование во рамките на квалификацијата како елемент од стандардот на квалификацијата.

**Квалитетот** на квалификацијата е опишан со конкретните услови за акредитација со кои се обезбедуваат информации за системот на обезбедување квалитет и со кои се поддржува внесувањето на квалификациите во рамката на квалификации. Со оглед на фактот што стандардите на квалификации на регионално ниво не подлежат на ниедна конкретна процедура за акредитација ниту е предвидено да се внесат во кој и да е национален регистар како такви, поимот за квалитет е единствено како потсетник за чекорите кои би следувале по развојот на стандардите на квалификации на регионално ниво.

6 Препораката на Советот од 22 мај 2017 за Европската рамка на квалификации за доживотно учење и укинување на препораката на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2008 во однос на воспоставувањето на Европската рамка на квалификации за доживотно учење.

# Чекор 4. Развивање на клучните елементи од стандардите на квалификации на регионално ниво

Во сите економии е извршено идентификување на задолжителните елементи од нивните односни обрасци за национални стандарди на квалификации. Иако повремено се именувани различно, тие сепак користат горе-долу слични концепти со кои се опишуваат квалификациите. Компаративната анализа за елементите од националните стандарди на квалификации, претставена во Физибилити студијата, е искористена како основа за утврдување и предлагање на минимум клучните елементи од стандардите на квалификации на регионално ниво. Регионалната работна група работи на развој на стандард на квалификација на регионално ниво со користење на образецот со елементите од стандардот на квалификација содржани во оваа Методологија.

При тоа, регионалната работна група во голема мера зависи од оперативната поддршка на ERI SEE. Со оперативната поддршка се подразбира дека ERI SEE ја презема одговорноста за координирање на назначувањето и работењето на регионалните работни групи од самиот почеток па сè до конечниот договор за стандардите на квалификации на регионално ниво. Конкретните задачи на ERI SEE се следниве:

- Отпочнување на **состаноци за координација** со националните власти со цел договарање на конкретните чекори кои треба да се преземат при развивањето на стандарди на квалификации на регионално ниво, како и временската рамка и неопходните ресурси.
- Координирање на **назначувањето** на членовите од регионалната работна група како претставници на властите во шесте економии. ERI SEE се консултира со секоја една поединечна економија за начинот на избор на најсоодветните експерти со почитување на начелата пропишани во оваа Методологија.
- Координирање на **работењето** на регионалните работни групи што подразбира организирање на состаноците (онлајн или лице-в-лице), обезбедување на капацитети за изведување на работата, покривање на трошоците за капацитетите за состаноците лице-в-лице, испраќање на покани притоа обрнувајќи внимание на достапноста на сите членови.
- Подготовка на **работни материјали** за дискусиите на регионалната работна група што опфаќа спроведување на претходно истражување, подготовка на аналитичка основа, податоци и докази кои би можеле да се искористат при развивањето на стандарди на квалификации на регионално ниво. Со цел да го направи ова, ERI SEE може да даде налог за подготовка на студии или за спроведување на посложено истражување доколку се утврди дека тие се неопходни за развивањето на стандарди на квалификации на регионално ниво.
- Подготовка на **нацрти и ревизии** на стандарди на квалификации на регионално ниво предложени од страна на експерти како членови на регионалните работни групи, прибирање на коментари, подготовка на прашања за дискусија, разгледување на нацртите по дискусијата и коментарите добиени написмено од страна на членовите сè до конечниот нацрт-документ.
- Обезбедување на **лингвистичка поддршка**, односно обезбедување превод и толкување кога и каде тоа би било неопходно во координација со регионалните власти и членовите на регионалните работни групи.

- **Модерирање на дискусиите** и помош во постигнувањето на консензус за стандарди на квалификации на регионално ниво. Притоа, ERI SEE може да ангажира надворешни експерти за олеснување на дискусиите.

Чекорот за развивање на стандардите на квалификации на регионално ниво е претставен и подетално изнесен во вториот дел од Методологијата.

## Последователен чекор: Транспонирање на стандард на квалификација на регионално ниво во национален стандард на квалификација

Со цел да се искористат стандардите на квалификации на регионално ниво, треба да се пронајдат начини за нивно транспонирање во регистрите со рамки на квалификации на економиите. Откако ќе се договорат помеѓу економиите, националните работни групи треба да ги земат предложените стандарди на квалификации како основа за развивање на национален стандард на квалификации. Потоа, стандардите на квалификации треба да се приспособат на националните услови без притоа да се менуваат договорените клучни елементи од стандардот на квалификации на национално ниво, а потоа да се поднесат за усвојување во согласност со процедурите кои се пропишани на ниво на секоја поединечна економија. Притоа во рамките на овој процес важно е да се укаже на фактот дека станува збор за стандард на квалификација кој е договорен на регионално ниво. Во таа смисла, доколку се неопходни некакви промени во однос на клучните елементи при процесот на усвојување, останатите економии треба да се известат и можно е да треба да се направи ревизија на стандардот на квалификација на регионално ниво.

На самиот крај, информациите за комплементарноста, како и за разликите треба да се објават заедно со усвоениот стандард на квалификација со препорака ваквите информации да се земат предвид при процедурите на признавање. Долгорочно, ова би можело, доколку се изведе во вид на успешни пилоти, да прерасне во модел за автоматско признавање на квалификациите кои се целосно усогласени со стандардите на квалификации на регионално ниво. Секако дека ова би требало да е предмет на законодавството со кое се регулира признавањето на квалификациите.

# Стандард на квалификации на регионално ниво

Образецот за стандард на квалификации на регионално ниво содржи упатства за тоа како да се пополни образецот и да се опише секој еден поединечен елемент од стандард на квалификации на регионално ниво. Избришете ги упатствата при пополнувањето на образецот со содржината.

| Стандард на квалификација | |
|---|---|
| **Назив на квалификацијата** | Дадете опис на квалификацијата на англиски јазик и на официјалните јазици во државите од Западен Балкан.<br><br>(на пример Стандард на квалификација за хотелско-ресторански техничар на регионално ниво)<br><br>(Хотелско-ресторански техничар) |
| **Вид на квалификација** | Наведете дали овој стандард е за квалификација во општото образование, стручното образование и обука или во високото образование, како и дали оваа квалификација би можела да се стекне во образование и обука на возрасни и дали доделувањето на оваа квалификација би било соодветно во системот за валидација на обезбеден квалитет за формалното и неформалното учење. |
| **Опис на квалификацијата/ оправданост/ образложение/ потреба од квалификацијата** | Опишете зошто оваа квалификација е оправдана, со посебен фокус на обезбедувањето на докази дека таа е неопходна на пазарот на трудот.<br><br>Опишете ги целите на квалификацијата и главните целни групи на ученици.<br><br>Објаснете зошто оваа квалификација е регионално релевантна. Наведете ги сите претходни одобренија добиени од страна на националните власти (онаму каде ова е соодветно). |
| **Соодветни работни стандарди, поврзаност со ISCO или кои било други докази за консултација со чинителите од пазарот на трудот** | Повикајте се на методологиите кои се применуваат при истражување и анализа на потребите и барањата на пазарот на трудот, а особено онаму каде стандард на занимање на регионално ниво е користен како основа за развој на овој стандард на квалификација на регионално ниво.<br><br>Предложете соодветни класификации во националните класификации на занимања во економиите од регионот, онаму каде тоа е соодветно. |

| | |
|---|---|
| **Ниво на квалификација (ЕРК)** | Дефинирајте го нивото во Европската рамка на квалификации за доживотно учење (ЕРК 1-8). Утврдувањето на нивото од ЕРК укажува на нивото во односната национална рамка на квалификации врз основа на извештаите од поврзувањето на националната рамка на квалификации со ЕРК. |
| **Вредност на квалификацијата во кредити или години/часови на времетраење и уделот на единиците од општото образование во севкупната квалификација** | Опишете го обемот/опсегот на квалификацијата во однос на ЕЦВЕТ. Овде ЕЦВЕТ се користи за да се опише работното оптоварување, т.е. часовите кои му се потребни на поединецот за да ги постигне целите од учењето за оваа квалификација. Тука се опфатени времето за воведување како и времето кое е поминато во учење и обука надвор од училницата. Со оглед на фактот што нема заеднички договорена формула, објаснете колку часа учење се договорени да се доделат за еден ЕЦВЕТ кредит.<br><br>ЕЦВЕТ кредитите се доделуваат единствено за стручното образование од стандардот на квалификација. Сепак, треба да го наведете уделот од стручните компоненти во рамките на квалификацијата како елемент од стандардот на квалификацијата (на пример, 60% од вкупниот обем од квалификацијата треба да се СОО единици од исходите на учењето, а 40% од вкупниот обем на квалификацијата треба да се единиците од исходите од учењето во општото образование). |
| **Сектор/ област на работење (согласно ISCED)** | Опишете ја класификацијата на квалификацијата согласно класификацијата на EUROSTAT ISCED-F (FOET – Области на образование и наука).<br><br>Наведете го секторот(ите) на кои припаѓа оваа квалификација во сите шест економии.<br><br>Овде објаснете ги кои било поголеми разлики во класификацијата на квалификацијата во односните економии. |

| | |
|---|---|
| **Конкретни услови за обезбедување квалитет кои се однесуваат на квалификацијата** | Сите економии ги користат информациите на органот кој ја издава лиценцата на образовните институции и акредитациите, верификациите или согласноста на образовните установи да реализираат програми кои доведуваат до доделување на одредена квалификација. Сето ова е дел од различниот систем на обезбедување квалитет кој е воспоставен во шесте економии.<br><br>При изработката на стандард на квалификации на регионално ниво, важно е да се изнесе дали има некои конкретни услови за доделување на таа квалификација кои треба да се почитуваат при процедурите за обезбедување квалитет кои ќе следуваат на ниво на економиите (на пример: Квалификацијата Медицинска сестра треба да се додели по завршување на програма која е акредитирана за формална, првична СОО).<br><br>Опишете ги сите конкретни услови за обезбедување квалитет кои се однесуваат на оваа квалификација, а кои се важни за економиите од перспектива на договори за обезбедување квалитет во економиите. |
| **Услови/предуслови за прием/ влез за стекнување на квалификацијата** | Опишете ги условите за влез/прием за оваа квалификација во однос на претходна квалификација со која треба да се здобијат (на пример основно училиште или квалификација на ЕРК ниво 1), како и кои било други можни конкретни услови, како на пример приемен испит. |
| **Напредување/ проодност во системот на квалификации/ дополнителна квалификација и можности за вработување** | Опишете ги можните натамошни професионални насоки во смисла дали оваа квалификација овозможува пристап до високтоо образование и/или до пазарот на трудот. |
| **Структура на квалификации: Наведете ги задолжителните единици од учењето и изборните единици од исходите од учењето** | Наведете ги задолжителните единици од исходите од учењето и можните изборни единици од исходите од учењето. Овој избор треба да се пополни како последен. По постигнувањето на договор за клучните исходи од учењето изразени преку знаење, вештини и компетенции, единиците од исходите од учењето се заведуваат овде во вид на резиме. |
| **Договор за стандард на квалификација на регионално ниво** | Заради цели на транспарентност, дадете краток опис на процесот на постигнување договор за стандардот на квалификации на регионално ниво како основа за развој и усвојување на односниот национален стандард на квалификации (состав на работната група, датум). |

# Единици од исходите од учењето

Единиците од исходите од учењето се главните исходи од учењето претставени преку знаење, вештини и компетенции и структурирани во единици кои имаат ниво, работно оптоварување и конкретен профил. Исходите од учењето структурирани во единица треба да се лесни за оценување со примена на соодветен метод на оценување и доделување на оценка согласно конкретните критериуми за оценување кои се пропишани од страна на образовни програми или образовни установи кои ја реализираат програмата. Во овој дел, секоја единица од исходите од учењето треба да се опише со група на клучни исходи од учењето дефинирани во вид на знаење, вештини и ставови.

Оваа табела треба да се пополни повикувајќи се на аналитичката основа која се користи за изведување на исходите од учењето од активностите кои се наведени во стандард на занимања на регионално ниво и кои се поделени по единици од исходите од учењето кои соодветствуваат на клучните задачи во односниот стандард на занимање на регионално ниво. Како и да е, експертите треба да се внимателни при преточувањето на активностите и компетенциите во исходи од учењето – подредувањето на исходите од учењето во единици ја наметнува потребата од размислување за тоа како да се регрупираат исходите од учењето кои се слични по профил. Покрај ова, важно е да се има предвид дека треба да постои можност овие исходи од учењето да се оценат со соодветен метод на проценка и тоа во сите економии учеснички.

| ЕДИНИЦИ ОД ИСХОДИТЕ ОД УЧЕЊЕТО | НИВО | ЕЦВЕТ | ИСХОДИ ОД УЧЕЊЕТО |
|---|---|---|---|
| ЕДИНИЦА 1 – НАСЛОВ | ЕРК | ЕЦВЕТ | Овде треба да ги наведете исходите од учењето кои се содржани во односната единица од исходите од учењето.<br><br>Овие исходи од учењето се изведени од активностите и компетенциите наведени во СЗРН но не е задолжително да се структурирани на истиот начин како што се структурирани односните активности во СЗРН.<br><br>Во единицата од исходите од учењето треба да се содржани исходите од учењето кои припаѓаат на истиот профил и кои може да се оценат со соодветен единствен метод на оценување. |
| ЕДИНИЦА 2 – НАСЛОВ | ЕРК | ЕЦВЕТ | .... |

Надополнете ја табелата со сите единици од исходите од учењето кои ги имате развиено имајќи го предвид вкупниот обем/опсег на стандардот на квалификацијата, како и нивоата на секоја единица од исходите од учењето согласно дескрипторите на исходите од учењето

од ЕРК. Со дескрипторите на исходите од учењето се дава опис на нивото на знаење, вештини и односна одговорност и автономија бидејќи тие треба да служат како референтна точка при изработката на исходите од учењето од стандардот на квалификации.

Не сите единици од исходите од учењето треба да се на истото ниво како и нивото на стандардот на квалификацијата – некои може да се постават на повисоко ниво или пак на пониско од нивото на квалификацијата. Како и да е, важно е работната група да се согласи за минимумот единици од исходите од учењето кои треба да соодветствуваат на нивото на квалификацијата за да се оправда позиционирањето на квалификацијата на соодветното ниво на квалификација.

Уште поважно, исходите од учењето треба да произлегуваат од стандардите на занимања, а со цел да се развијат стандарди на занимања кои соодветствуваат на условите од пазарот на трудот. Оттаму, единиците од исходите од учењето изработени како елементи од стандардот на квалитет треба да одговараат на клучните задачи, клучните активности и односните компетенции кои се изнесени во стандардите на занимања и за нив да биде постигнат договор помеѓу регионалната работна група врз основа на клучните активности.

Веројатно е дека кај економиите би постоеле значајни разлики во описите на исходите од учењето изразени преку знаење, вештини и ставови кои припаѓаат на стандард на дадена квалификација. Сепак, клучните исходи од учењето се оние кои мора да се содржани во стандардот на квалификацијата.

Доколку не би постоеле вакви исходи од учењето, ова би можело да значи дека експертите имаат целосно различно сфаќање за квалификацијата со одреден наслов. Ова би можело да е и прашање на превод или јазично прашање, или пак едноставно дека е показател на различни културни традиции. Оттаму, од особена важност е да се утврдат ваквите случаи и да се користат вакви информации во процесите на признавање.